# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# 2021

АДИ

Асоцијација за демократска иницијатива

Association for
Democratic
Initiatives

Bul. B. Ginoski, 61 / 3
1230, Gostivar,Macedonia
Tel. : +389 42 22 11 00
E-mail : adi@adi.org.mk
Web : www.adi.org.mk

**Годишен извештај на Асоцијацијата за демократска иницијатива за 2021**

Изминатата 2021 година е значајна за борбата против корупцијата и владеењето на правото во Република Северна Македонија според повеќе параметри. Владата ја прогласи 2021 година за година посветена токму на борбата против корупцијата и на самиот почеток од истата усвои План за борба против корупција на Владата, како дополнителен инструмент кој ќе придонесе за успешно справување со ризиците од корупцијата. Дополнително, со продолжувањето на пандемијата од Ковид -19, продолжија и ризиците од корупција поврзани со злоупотреба на јавните пари.

Сето ова уште повеќе го истакна значењето и потребата од транспарентност на институциите и навремено информирање на граѓаните за преземените активности во врска со нивните надлежности и со трошењето на јавните ресурси. Оттука, АДИ продолжи да ја следи транспарентноста на Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција (ОЈО ГОКК) и Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) и објави извештај со вклучени препораки за унапредување на отвореноста и достапноста на информациите на овие две институции.

Истовремено, АДИ продолжи со своите активности за борба против корупцијата на локално ниво. Во почетокот на 2021, беа организирани 5 јавни дебати со 120 учесници – претставници на локална администрација, советници, јавни претпријатија, полиција, здравствени институции и граѓани за споделување на наодите од перцепцијата на граѓаните на корупцијата и дискусија за улогата и одговорноста на сите засегнати страни во примената на механизмите за сузбивање на корупцијата. Дополнително, преку инфо кампања, над 10.000 граѓани беа информирани за процедурата за поднесување пријава до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Локалниот социо-економски дијалог, АДИ го продолжи преку активности за стратешко планирање на работата на локалниот економско социјален совет на општина Гостивар и дискусија околу последиците од кризата со пандемијата од Ковид-19 врз локалната економија. Соработката со локалните власти продолжи и преку ангажманот на АДИ во подготовката на документи за оценка на инфраструктурни проекти во општините Велес, Зелениково, Чаир, Неготино и Карпош.

Лулзим Хазири,

Извршен директор,

Bul. B. Ginoski, 61 / 3
1230, Gostivar,Macedonia
Tel. : +389 42 22 11 00
E-mail : adi@adi.org.mk
Web : www.adi.org.mk

**Мисија:** Интеграција и мониторинг на човековите права во политичките, економските и социјалните сфери на општеството;

Промоција на демократските принципи, меѓуетничка и меѓукултурна толеранција преку партиципативни и транспарентни процеси;

Поддршка на граѓаните преку граѓанско учество, вмрежување, застапување и едукативни активности.

**Визија:** АДИ цели кон вклучување, засновано на еднаквост и недискриминација, за секоја индивидуа или група слободно да учествува во демократските процеси преку употреба на најдобрите практики и принципите на добро владеење.

**Главни цели и стратегии за постигнување на целите согласно на статутот:** Главни цели на АДИ се: Промовирање и унапредување на меѓуетничките односи, заштита и промоција на човековите права, поттикнување и унапредување на соработката помеѓу граѓаните и избраните претставници на локалната, судската, законодавната и извршната власт, помош на граѓаните во остварувањето на своите уставни и законски права, поддршка на здруженијата на граѓани, поттикнување на соработката помеѓу домашните и меѓународните организации, промовирање и остварување на економскиот развој, борба против корупцијата во јавниот и приватниот сектор, заштита на граѓаните од дискриминација и давање на јавни услуги.

Своите цели организацијата ги остварува преку утврдени повеќегодишни стратешки планови, Годишна Програма за работа, односно преку следниве активности:

- организирање на конкретни програмски активности;
- спроведување на заеднички проекти;
- организирање на конференции, семинари, обуки и друг вид на активности;
- поттикнување на иницијативи кај надлежните органи и институции во насока на остварување на целите на Здружението;

АДИ своето делување го засновува на пружање на еднакви можности за развој, почитување на различната етничка, родова, верска, културна припадност. Толеранцијата, солидарноста, слободното изразување на идеите и мислењата се дел од вградените вредности и културата на работење на организацијата.

Bul. B. Ginoski, 61 / 3
1230, Gostivar,Macedonia
Tel. : +389 42 22 11 00
E-mail : adi@adi.org.mk
Web : www.adi.org.mk

## РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ:

**Мониторинг и подобрување на капацитетот на институциите во справување со организиран криминал и корупција**

**Период на спроведување: 21 декември 2018 – 21 септември 2021**

**Цели:**

- Да се подобри транспарентноста на Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција и Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК);
- Да се оцени ефикасноста на Основниот суд Скопје 1, Скопје во постапувањето со случаите на организиран криминал и корупција;
- Да се зголеми довербата на јавноста во институциите со мандат за борба против организираниот криминал и корупцијата.

Постигнувањето на целокупната целите, односно влијанието на проектот ќе се обезбеди преку тесна соработка со државните институции кои имаат мандат за борба против организираниот криминал и корупцијата, како и со други релевантни чинители како што се политички лидери, граѓански организации, претставници на медиуми и донаторска заедница.

- **Клучни постигнувања во 2021**

***Анализа на состојбата со транспарентноста на мониторираните институции надлежни за спречување на корупцијата***

Подготвен четвртиот извештај, којшто го покрива периодот јануари-јуни 2021 за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) и Основното јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција (ОЈО ГОКК).

Евидентните подобрувања кај ДКСК кои се согледуваат преку креирање на веб-страницата и нејзино детално уредување се значаен фактор за зголемување на транспарентноста на самата институција. Дополнително, новата веб-страница е организирана со посебни подменија што овозможува едноставно следење на бараните податоци. Сепак, остануваат заклучоците дека не е доволно само постоење на веб-страница како централен извор на информации за работењето на институцијата. Потребно е присуство и на социјалните медиуми како начин да се допре побрзо и до поголем број интересни групи (млади, медиуми и сл.). Ова е од исклучителна важност за една институција каква што е ДКСК чија работа всушност почива врз граѓаните и оттука е потребно постојано да ја стекнува нивната доверба.

Исто така, сè уште значаен дел од информациите за работењето на ДКСК, медиумите и граѓанските организации мораат да ги обезбедуваат преку користење на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, што укажува на недостиг на проактивно објавување на информации и документи на веб-страницата на ДКСК.

Сето ова ја намалува транспарентноста и отчетноста на ДКСК и го ограничува навременото и сеопфатното информирање на граѓаните, новинарите, граѓанските организации и другите

заинтересирани страни за работењето на ДКСК и може да влијае врз ефикасноста на борбата против корупцијата и судирот на интереси.

Во однос на објавувањето информации за јавните набавки, ДКСК треба да продолжи со објавување на мноштвото информации и документи, но да го објави и својот годишен план за јавни набавки (наместо досие на планот), како и договорите за јавни набавки.

Медиумското присуство на ДКСК е значајно, односно постои заинтересираност на медиумите на дневна основа за работењето на ДКСК. Оттука, имајќи предвид дека за информирање на јавноста ДКСК ги користи само својата веб-страница и медиумите, значајно е ваквото присуство да продолжи и да се развива во двонасочна комуникација со медиумите.

Што се однесува до ОЈО ГОКК, состојбата во која обвинителство нема своја посебна веб-страница значително ги намалува транспарентноста и отчетноста затоа што ги прави информациите за работењето на оваа значајна институција потешко достапни за јавноста. Уште повеќе, немањето своја веб-страница ја оневозможува институцијата да ги објавува информациите за кои е законски обврзана. Сето ова може да влијае врз довербата на јавноста во оваа институција која е на браникот на одбрана на земјата од корупција и криминал. Оттука и натаму се препорачува ОЈО ГОКК да изработи и да стави во функција своја посебна веб-страница кон која би се пристапувало директно или преку основната веб-страница на ЈО РСМ на која ќе се објават сите информации споменати погоре во извештајот. Овде спаѓаат и информациите за јавните набавки, било на ОЈО ГОКК или на ЈО РСМ.

Постои голем интерес на медиумите за работењето на ОЈО ГОКК и соодветно на тоа речиси секојдневно присуство на информации за обвинителството во медиумите. ОЈО ГОКК треба да продолжи со воспоставената комуникација со медиумите, која треба да биде двонасочна, односно и обвинителството да им се обраќа на медиумите со цел брзо и масовно да ја информира јавноста за своето работење.







*Документ за јавна политика*

Bul. B. Ginoski, 61 / 3
1230, Gostivar,Macedonia
Tel. : +389 42 22 11 00
E-mail : adi@adi.org.mk
Web : www.adi.org.mk

***Работни состаноци со институции со мандат за спречување на корупцијата (ДКСК и ЈО ГОКК)***

На 19 март 2021 во Скопје, беа одржани работни состаноци со претставници на Државната комисија за спречување корупција (ДКСК), Јавното Обвинителство (ЈО) и Основното Јавното обвинителство за гонење организиран криминал и корупција (ОЈО ГОКК). На состаноците се дискутираше по клучните наоди содржани во третиот извештај од следењето на транспарентноста на двете институции во периодот јуни-декември 2020.

На состанокот ДКСК воедно информираше за тековните активности и предизвици во работењето, како и следните чекори, нови простории, односно преселба на канцелариите на Комисијата, систематизација на работни места, недостаток на кадар, лице за односи со јавност.

Од ЈО потенцираа за важноста на унапредување на комуникациските вештини и односи со јавност за јавните обвинители и вработените во обвинителствата. Имено, технички можности за подобрена транспарентност има со функционирањето на новата интернет страница. Воедно, воспоставена е функционална служба за односи со јавноста и донесено е и задолжително Упатство за односи со јавноста на јавното обвинителство.





*Работни состаноци со О ЈО ГОКК и ДКСК*

***Завршна конференција - Напредокот во борбата против организираниот криминал и корупцијата во контекст на планот на Владата за борба против корупцијата***

Завршната конференција се одржа на 17 септември 2021 година, во Скопје. Целта на конференцијата беше да се промовираат активностите и резултатите на проектот „Мониторинг и подобрување на капацитетот на институциите во справување со организиран криминал и корупција“, како и да се иницира дискусија за напредокот во справувањето со организираниот криминал и корупција во контекст на Планот на Владата за борба против корупцијата.

На почетокот на првиот панел Лулзим Хазири, Извршен директор на Асоцијацијата за демократска иницијатива (АДИ), ги запозна присутните со целите и резултатите од проектот. Натали Петровска, Извршна директорка на Коалицијата на здруженија на граѓани Сите за правично судење, зборуваше за мониторираните судски расправи и забелешката за селективност во пристапот кон судските предмети.

Association for Democratic Initiatives

Bul. B. Ginoski, 61 / 3
1230, Gostivar,Macedonia
Tel. : +389 42 22 11 00
E-mail : adi@adi.org.mk
Web : www.adi.org.mk

Бојан Маричиќ, министерот за правда, потенцираше дека веќе има резултати во справувањето со организираниот криминал и корупција во контекст на Планот на Владата за борба против корупцијата, дека е зајакната меѓуинституционалната соработка, а тоа, според него, најмногу се должи на политичката посветеност на Владата кон ова прашање. Исто така, посочи дека стратегијата за реформи во правниот сектор се спроведува заедно со планот – Агенда 21. Додаде оти Министерството за правда заедно со ОЈО ГОКК работи на зајакнување на капацитетите на Обвинителството при формирање на истражните центри. Зборуваше за низа закони кои треба да помогнат во процесот и нагласи дека во тек е и изработка на Закон за потекло на имот.

Фрејк Јанмат, претставник на Делегацијата на Европската унија во Северна Македонија, одговорен за економски развој, владеење на правото и јавна администрација, потенцираше дека препознале желба за борба против организираниот криминал и корупција кај Владата и институциите и дека го поддржуваат процесот. Ја истакна важноста од транспарентност поради враќање на довербата од страна на јавноста.

Вилма Русковска, Шеф на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, истакна дека Обвинителството добило повеќе средства во буџетот, веќе нема долгови, се зголемиле додатоците на платите и со тоа се зголемиле и очекувањата од ова Обвинителство. Сепак, додаде, постои недоволна екипираност со обвинители и стручни соработници. Искажа незадоволство од тоа дека не нашле заеднички јазик со Владата околу наоѓање компромис во однос на судии и обвинители, а во врска со новиот Закон за пензионирање. Очекува да се донесе новиот Закон за јавно обвинителски работи заради исплата на надоместоците на плати.



*Завршна коференција Напредокот во борбата против организираниот криминал и корупцијата*

*Проектот е финансиран од Делегацијата на Европска Унија, преку ИПА 2, 2014 грантова шема "Зајакнување на влијанието на граѓанското општество за ефективни реформи во правниот сектор". Се реализира во партнерство со Коалиција на здруженија на граѓани Сите за правично судење.*

## Проект на УСАИД за граѓанско учество (ПГУ)

**Период на спроведување: 1 октомври 2016 – 31 декември 2021**

**Цели**: Проектот на УСАИД за граѓанско учество го зајакнува конструктивното учество на граѓанските организации во врска со политики и прашања насочени кон антикорупција, транспарентност и владеење на правото, и го зголемува и одржува младинското учество во јавниот живот во Северна Македонија.

АДИ е одговорен спроведување на истражување на ранливи области подложни на корупција во пет општини: Гостивар, Битола, Кавадарци, Куманово и Штип. Истовремено со други локални здруженија на граѓани, АДИ ќе даде придонес во креирањето на механизам за соработка помеѓу здруженијата на граѓани на локално ниво и Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК).

- **Клучни постигнувања во 2021**

***Јавни дебати***

Во текот на февруари 2021, АДИ организираше 5 јавни дебати во општините Гостивар, Битола, Кавадарци, Куманово и Штип за споделување на клучните наоди од проценката на ранливите области на корупција на локално ниво и дискусија по истите од страна на локалните власти, советниците, јавните претпријатија, полицијата, здравствените институции и граѓанските организации. 120 учесници беа присутни на дебатите.





*Јавни дебати*

***Инфо денови***

Во периодот од 12 до 28 мај беа организирани инфо денови за промоција на мандатот и улогата на Државната комисија за спречување корупција (ДКСК) и подигање на свеста на граѓаните да пријавуваат корупција. Паралелно се спроведуваше кампања преку социјалните медиуми со информации и насоки за граѓаните каде и како да пријават корупција.

Association for
Democratic
Initiatives

Bul. B. Ginoski, 61 / 3
1230, Gostivar,Macedonia
Tel. : +389 42 22 11 00
E-mail : adi@adi.org.mk
Web : www.adi.org.mk






*Инфо денови*

***Подготовка на документи за јавни политики***

***Може ли да пресуши првиот извор на корупција – јавните набавки?***

Областа на јавните набавки е препознаена како посебно ризична во Националната стратегија за борба против корупцијата и судирот на интереси (2021-2025). Оттука, оваа проблематика е разработена преку претставување на актуелните ставови и согледувања на директните учесници во реализација на законски процедури - раководители на служби за јавни набавки/овластени лица во општините Брвеница, Кавадарци Карпош, Кичево и Прилеп.







*Документ за јавна политика*

***Дали општините се подготвени за борба против корупцијата?***

Кога станува збор за борбата против корупцијата на локално ниво, покрај општите законски прописи, општините имаат должност да подготвуваат и усвојуваат дополнителни политики, правилници, стратегии и други документи поврзани со начини и механизми за сузбивање на коруптивните практики.

Отсуството на антикорупциски планови на ниво на секоја општина одделно, само го зајакнува проблемот со недостатокот на проценка на ризикот и појавата на корупција на локално ниво. За да се добие една поширока и појасна слика, во овој краток документ за јавна политика се

Bul. B. Ginoski, 61 / 3
1230, Gostivar,Macedonia
Tel. : +389 42 22 11 00
E-mail : adi@adi.org.mk
Web : www.adi.org.mk

разработени антикорупциските планови на пет општини (Гостивар, Битола, Кавадарци, Куманово и Штип).

Две од општините, односно општина Гостивар и општина Штип, сѐ уште немаат усвоено ваков документ на локално ниво. Три локални самоуправи кои се предмет на анализа имаат усвоено Годишни планови за борба против корупција, и тоа општина Кавадарци, општина Битола и општина Куманово.







*Документ за јавна политика*

***Напорите на општините и граѓанските организации за транспарентно, отчетно и ефикасно управување. Што направивме и што останува за понатаму?***

Во овој документ за јавна политика ја анализираме транспарентноста на општините, ефикасноста на услугите кои ги испорачуваат кон граѓаните и досегашната улога на граѓанските организации како набљудувач на работењето на општините. Анализата е направена врз основа на достапни документи, анализи, истражување на веб страните на општините и интервјуа со раководители на одделенија за локален економски развој во четири општини: Штип, Демир Капија, Куманово и Карпош

Bul. B. Ginoski, 61 / 3
1230, Gostivar,Macedonia
Tel. : +389 42 22 11 00
E-mail : adi@adi.org.mk
Web : www.adi.org.mk







*Документ за јавна политика*

*Проектот е спроведуван од Ист Вест Менаџмент Институт (EWMI) во партнерство со: Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ), Фондацијата за интернет и општество “Метаморфозис“, Фондацијата отворено општество Македонија (ФООМ), и Националниот Младински Совет на Македонија.*

# Граѓански ресурсен центар (ГРЦ)

**Период на спроведување:** 15 февруари 2018 – 30 јуни 2021 година.
**Цели:** Зајакнато граѓанско општество кое активно учествува во донесувањето на одлуки и придонесува кон зајакната и партиципативна демократија во земјата.
АДИ во рамките на проектот отвори ресурсен центар кој преставува место каде граѓанските организации можат со поддршка на тимот на проектот да ги градат и развиваат своите капацитети и проактивно да влијаат врз промените во општеството. АДИ беше одговорен и за менаџирање на ре-грантинг програма преку која граѓанските организации ќе добијат поддршка за подготовка и спроведување на локални иницијативи за застапување и лобирање.

- **Клучни постигнувања во 2021**

***ГРЦ обезбеди простор и техничка опрема за користење*** (проектор, лап-топ, фотокопир) за вкупно 8 настани работилници, обуки и работни состаноци. Вкупно 80 учесници беа опслужени во ГРЦ Гостивар. Настаните се однесуваа на теми од интерес на работењето и активностите на граѓанските здруженија и неформални иницијативи од полошкиот и југозападниот дел на земјата во однос на теми поврзани со животна средина, родови и малцински (Ромски) прашања; граѓанско учество, како и кризата предизвикана од пандемијата.

***Финализирани вкупно 14 грантови спроведувани од локални граѓански организации.***

Во текот на февруари беа финализирани грантовите во рамки на двете грантови шеми. Првата грантова шема се однесуваше на поддршка на локалните организации во подготовка и спроведување иницијативи за застапување, подобри локални политики и активности на локално ниво. Додека втората грантова шема произлезе од потребата за брз одговор односно интервенција како резултат на кризата предизвикана со Ковид-19. АДИ, на грантистите им ја обезбеди целосната стручна и техничка поддршка во администрацијата на проектите согласно договорите за грант и процедурите за известување.




*Проектот е финансиран од Европската унија кој го спроведува Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) во партнерство со Асоцијација за демократски иницијативи (АДИ) од Гостивар и Медиа плус од Штип.*

Association for
Democratic
Initiatives

Bul. B. Ginoski, 61 / 3
1230, Gostivar,Macedonia
Tel. : +389 42 22 11 00
E-mail : adi@adi.org.mk
Web : www.adi.org.mk

## Поттикнување на институционалната дигитална иновативност – алатка за борба против корупцијата!!

**Период на спроведување**: 1 август – 31 декември 2021

**Цели:** Придонес кон зголемување на интегритетот, транспарентноста и отчетноста во сите сектори на општеството

- **Клучни постигнувања во 2021**

Проектот овозможи промоција на дигитализацијата како алатка за сузбивање на корупцијата, преку утврдување на моменталните капацитети на јавните институции, мапирање на можностите за дигитализација на одредени јавни услуги како и понуда на практични предлози за институционална дигитална активност.

***Функционалната анализа за утврдување на моменталните состојби, се спроведе во целните сектори: Правосудство; Полиција; Локална самоуправа; Јавно здравство; Образование; и Економија.*** Дополнително, беше изработена студија на случај – Институционална дигитална иновативност, односно предлог за имплементација на решение во даден сектор. Преку студијата на случај беше претставена мЗаедница. мЗаедница е дигитална платформа составена од мобилна и веб апликација која на иновативен начин им овозможува на граѓаните да се вклучат во работата на локалните власти и да придонесат кон подобра заедница за сите. мЗаедница им помага на институциите да ги подобрат јавните услуги, да ја зголемат својата транспарентност и ефикасност преку паметна употреба на луѓе, податоци и технологија. Понатаму преку широка кампања на социјалните медиуми беа презентирани одредени дигитални услуги кои веќе се имплементираат од страна на институциите, а сè уште не се препознаени и користени од страна на граѓаните. Односно беа претставени две видеа кои се однесуваа на стекнувањето на сертификат за вакцинација и на добивање имотен лист од катастар. Исто така, преку визуелизации беа презентирани релевантни податоци и статистики за бенефитите од користење на дигитални услуги, институциите кои имаат достапни електронски услуги и придобивките од електронската комуникација.







*Публикација*

*Проектот е финансиран преку Генералниот Секретаријат на Владата на Република Северна Македонија*

## Унапредување на социјалниот дијалог во заедницата

**Период на спроведување:** 1 мај – 30 ноември 2021

**Цели:** Поддршка на процесот на активирање на Локален Економско Социјален Совет (во понатамошниот текст ЛЕСС Гостивар), вклучително обновување на членовите и структурата на ЛЕСС Гостивар, како и подготовка и усвојување на план за работа на ЛЕСС Гостивар

- **Клучни постигнувања во 2021**

***Работилница за стратешко планирање, застапување и вклучување во процесите на одлучување на локално ниво 26-27 мај, 2021***

Целта на работилницата беше да се зајакне и поддржи работата на Локалниот економско-социјален совет (ЛЕСС) на Општина Гостивар.
Неопходна е поголема видливост и ангажман на ЛЕСС - Гостивар во иницирање и спроведување активности кои ќе имаат за цел подобрување на економско-социјалната положба на граѓаните, беше главниот заклучок од работилницата.




*Работилница за стратешко планирање*

***Панел дискусија на тема: Влијанието на Ковид 19 пандемијата врз социо-економската состојба во Гостивар – 13 септември, 2021***

Угостителството, транспортот и градежништвото се најпогодени сектори во општина Гостивар како последица од пандемијата со КОВИД-19. Во 2020 во општината има пад за 10% на издадените одобренија за градење, споредбено со 2019. Ако се има предвид дека градежништвото повлекува ангажман на уште околу 20 други стопански гранки, позитивните ефекти на градежништвото за

Bul. B. Ginoski, 61 / 3
1230, Gostivar,Macedonia
Tel. : +389 42 22 11 00
E-mail : adi@adi.org.mk
Web : www.adi.org.mk

развојот на економијата во Гостивар се исклучително значајни, истакна Гоце Димовски, експерт за инвестиции и економски развој.

Иницијативи од инвеститорите скоро и да немаше за време на кризата, делумно и затоа што фирмите немаат буџет за долгорочни инвестиции. Помошта од државата влијаеше врз ублажување на ударот што го имаа фирмите и поддршка на тековното работење, посочи Музафер Таири, од бизнис заедницата од Гостивар.

Тафа Амети од Конфедерација на слободни синдикати се осврна на секторот образование кој што исто така беше на удар од пандемијата, преку модифицирање на наставата и премин кон он-лајн настава за наставниците и учениците. Со оглед на тоа што над 90% од наставничкиот кадар е вакциниран се очекува наставата со физичко присуство во следниот период да се одвива без поголеми проблеми.



Панел дискусија на тема: Влијанието на Ковид 19 пандемијата врз социо-економската состојба во Гостивар

*Проектот е финансиран преку Младински Културен Центар (МКЦ) и Меѓународниот центар Олоф Пламе*

Bul. B. Ginoski, 61 / 3
1230, Gostivar,Macedonia
Tel. : +389 42 22 11 00
E-mail : adi@adi.org.mk
Web : www.adi.org.mk

## Проект за подобрување на општинските услуги

**Период на спроведување:** 1 декември 2020 – 30 април 2021.

**Цели: Техничка помош при изработка на документи за оценка на проекти**

**Клучни постигнувања во 2021**

Во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги, АДИ беше одговорен за подоготовка на неколку документи за оценка на проекти (Project Appraisal Documents PADs) за општински инвестициски проекти:

Општина Зелениково: Реконструкција на локалниот пат с.Зелениково – с.Страхојадица;

Општина Карпош: Реконструкција на 4 (четири) локални улици во урбаните области Карпош 1 и Карпош 2;

Општина Неготино: Реконструкција на улиците „Вељко Влаховиќ“, „Енгелсова“, „Пиринска“, „Првомајска“, „Тиквешка“, „Вардарска“, „Ѓоко Мишев“, „ВаноТашев“ и дел од улицата „Марксова“;

Општина Чаир: Реконструкција на водоснабдување, канализација и одводнување на атмосферските води, на 6 (шест) делници од улицата Дижонска бр. 15, 17, 19, 21, 23А и 23;

Општина Велес: Реконструкција на градскиот пазар Велес.





Фотографии, дел од документите за оценка на проекти

*Проектот е финансиран од Светска Банка, преку Министерството за Финансии.*

Bul. B. Ginoski, 61 / 3
1230, Gostivar,Macedonia
Tel. : +389 42 22 11 00
E-mail : adi@adi.org.mk
Web : www.adi.org.mk

АДИ е ангажирана во националните и меѓународните мрежи на граѓански организации и редовно учествува во активностите на следните мрежи:

*Платформа на организации на граѓанското општество за борба против корупцијата*

*Коалиција Сите за правично судење*

*Центарот Север Југ на Советот на Европа за глобално образование*

*Европски граѓански форум*

*Европска Асоцијација за образование на возрасни*

*Национална платформа за женско претприемништво*